# ЗАПИСНИК

*од Петтата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **06.05.2009 година**, **11 часот***
*Сала на Уставна комисија, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 10, 05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа Н.Е г. Бернард Валеро, амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, г. Вацлав Млезива, Прв секретар и заменик шеф на мисијата, г-ѓа. Џоан Пирс, шеф на одделот за економија и финансии и г-ѓа Марина Курте, советник во одделот за политчки прашања во Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Четвртата седница одржана на 19 декември 2008 година*

1. Предлог Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-ревизија 2009 година.

2. Усвојување на предлог - заклучоците од јавната расправа по предлогот на работниот текст на Законот за заштита од дискриминација, одржана на 14 април 2009 година.

3. Предлози и прашања.

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1: ПРЕДЛОГ НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ- РЕВИЗИЈА 2009 ГОДИНА.**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Ивица Боцевски, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г.Дојчин Цветановски, претставник на Конфедерацијата на слободни синдикати, г-ѓа Флора Кадриу, г.Слободан Антевски, претставник на Унијата на независни автономни синдикати на Македонија, г-ѓа Љубица Нури, претставник на Стопанската комора на Македонија, г-ѓа Силвана Бонева, пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Тито Петковски, пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Кенан Хасипи, пратеник во Собранието на Република Македонија, г.Александар Кржаловски, преставник на Граѓанската платформа, г-ѓа Радмила Шекеринска, пратеник во Собранието на Република Македонија,

кои ги изнесоа своите согледувања и коментари по однос на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-ревизија 2009 година.

По однос на точката, Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги донесе следните заклучоци:

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009;

2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009;

3. Согласно предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот смета дека е неопходно навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира превземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони, утврдени во Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година;

4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, донесено на седницата на Советот одржана на 19 декември 2008 година.

5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

## ТОЧКА 2: УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД ЈАВНАТА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГОТ НА РАБОТНИОТ ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ОДРЖАНА НА 14 АПРИЛ 2009 ГОДИНА

По однос на оваа точка за збор се јави Епископ Хераклејски Климент, претставник на македонската православна црква. Г. Климент го изнесе ставот на Македонската православна црква по однос на работниот текст на законот за заштита од дискриминација, имајќи предвид дека од оправдани причини МПЦ не учествуваше со свој претставник на јавната расправа. Ставот по однос на предлог-заклуичоците ги искажа и г. Александар Кржаловски, претставник на Граѓанската платформа на Македонија.

Предлози за изменување и дополнување на предложените заклучоци немаше. Националниот совет за евроинтеграции со консензус ги усвои заклучоците од јавната расправа по предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација.

Советот заврши со работа во 12.10 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

**РАКОВОДИТЕЛ НА**
**СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

30-1972/2
31.12.2009